Geneva Centre for Security Sector Governance

Тематски документ

# Тестирање на интегритетот во полицијата



## За овој тематски документ

Овој документ е подготвен како дел од Програмата за полициска реформа на ДЦАФ со финансиска поддршка на Министерството за надворешни работи на Норвешка. Изразените мислења им припаѓаат на авторите и не се одраз на мислењата на институциите кои се наведени или претставени во ова издание.

## Забелешка

ДЦАФ ја поттикнува употребата, преводот и ширењето на ова издание. Меѓутоа, бараме од вас да го наведете и цитирате материјалот и да не ја менувате содржината.

## За ДЦАФ

ДЦАФ – Женевскиот центар за управување со безбедносниот сектор е меѓународна фондација чија мисија е да и помогне на меѓународната заедница во работата кон доброто владеење и реформите во безбедносниот сектор. ДЦАФ развива и промовира норми и стандарди, спроведува конкретни истражувања на политики, идентификува добри пракси и препораки за промовирање на демократското управување со безбедносниот сектор и обезбедува советодавна поддршка и програми за практична помош во различните држави.

ISBN:

© 2020 DCAF – Geneva Centre for Security Sector Governance

# Тестирање на интегритетот во полицијата

## Историјат

Овој тематски документ им дава на практичарите вовед во тестирањето на интегритетот. Во него се разгледува дефиницијата на тестирањето на интегритет, неговите разлики од следењето на животниот стил, предностите од воведување на тестови за интегритет и што треба да се земе предвид пред и во текот на нивната имплементација.

Документот се надградува на другите образовни материјали, **Прирачникот за полициски интегритет** и **Прирачникот за спроведување обука за полициски интегритет**, изготвени од Програмата за градење на полицискиот интегритет (ПИБП) во ДЦАФ. ПИБП има за цел да им помогне на државите кои што ќе го побараат тоа во развојот, спроведувањето и евалуацијата на проекти за воспоставување и одржување на полициски служби кои работат со највисоко ниво на интегритет и професионализам. Тој дава упатства за многу различни страни (вклучително и владини претставници, носители на одлуки и полициски раководители на средно/високо ниво) за развивање и одржување на полициски служби кои функционираат во согласност со демократските стандарди на отчетност, транспарентност и почитување на човечките права.

### Клучни концепти

**Интегритет:** принципот на доследно однесување во согласност со етички вредности. Принципот на интегритет е релевантен и за поединците и за организациите. Индивидуалниот интегритет е моралната сила да се усогласи однесувањето со етичките вредности. Организацискиот интегритет постои кога една организација работи во согласност со јасно дефинирани етички вредности.

**Корупција:** злоупотреба на јавна функција за лична добивка, без оглед на тоа дали е материјална или нематеријална. Корупцијата е еден вид на злоупотреба во полицијата.

**Полициска злоупотреба:** незаконити, непрофесионални или неетички одлуки, дејствија или пропусти кои ги врши полициски службеник и претставуваат прекршување на принципот на интегритет на должност, на работното место или во приватниот живот.

**Тестирање на интегритет:** активности насочени кон идентификација на можни коруптивни дејствија. Тестовите за интегритет се симулирани настани кои го поставуваат полицискиот службеник, без негово знаење, во ситуација која што се следи и во која постои можност за неетичко одлучување. Тестовите на интегритет се корисни средства за спречување и откривање на корупција во полицијата. Тие можат да бидат целни или по случаен избор и можат да сочинуваат дел од внатрешната контрола во полициската организација. Целните тестови на интегритет исто така можат да послужат како ефективна метода за истражување на полициската корупција.

**Мониторинг/проверки на животниот стил:** збирка на техники кои се користат за утврдување дали животниот стил на еден јавен службеник е во согласност со познатите извори на приход на тоа лице. Ненадејна необјаснета промена во животниот стил на вработениот може да претставува индикатор за незаконски активности.

# 1. Вовед во тестирањето на интегритет

Првата употреба на тестирање на интегритет може да се види во Истрагата на Кнап комисијата во периодот 1970-1972 во Њујорк. Со цел намалување на корупцијата во Полицијата на Њујорк, Комисијата предложила користење на „акции замки", т.е. користење на прикриени службеници за симулација на коруптивни можности за полициски службеници кои биле под сомневање дека се однесуваат неетички (Кнап и други, 1972). Од тогаш, тестирањето на интегритет стана основен механизам за внатрешна контрола за полициите, а примери на истото можат да се видат во Австралија, Соединетите Држави, Унгарија и Романија (Пренцлер и Ронкен, 2001).

# 2. Тестирање на интегритет и мониторинг на животниот стил

Корупцијата и другите видови на полициски злоупотреби ја спречуваат полицијата од вршење на своите должности, бидејќи ја прават неефикасна, неефективна и непрофесионална. Спротивно на тоа, професионалната и етичка полиција е од најголема важност во борбата против организираниот криминал, подобрувањето на јавната безбедност, зајакнувањето на владеењето на правото и зголемената јавна доверба во полицијата.

Тестовите за интегритет служат за одвраќање од злоупотреби и корупција. Тоа се симулирани можности за корупција кои имаат за цел откривање на коруптивно однесување или полициски службеници кои можат да бидат корумпирани. Во текот на таков тест, полицискиот службеник, кој не знае дека се спроведува тест врз него, се става во ситуација која се следи и која нуди можности за неетичко/непрофесионално однесување. Тестовите за интегритет тоа го прават со цел да ги репродуцираат секојдневните предизвици и притисоци со кои се соочуваат полициските службеници и во кои постојат многу можности за корупција.

Иако често се користат како синоними, мониторингот на животниот стил и тестовите за интегритет се различни техники на контрола. Тестирањето на интегритет е тајно, вклучува креирање на симулирани ситуации, додека мониторингот на животниот стил е отворен и вклучува различни техники за евалуација на јавното и приватното однесување на јавен службеник. Меѓутоа, преку различни средства и двете помагаат во откривање и спречување на корупција.

Овој документ се фокусира на тестирањето на интегритет, но вклучува и краток осврт на мониторингот на животниот стил. Проверките на животниот стил, т.е. проверка на имотот и финансиите, имаат за цел да ги откријат службениците кои живеат побогато од тоа што можат да си го дозволат, бидејќи е веројатно дека е вклучени во корупција за да можат да го издржат тој животен стил (Хоуп, 2015). На пример, секој службеник во филипинската Државната полиција е обврзан да достави Годишна изјава за имот и долгови. Оваа мерка била преземена по појавата на наводи дека некои службеници продаваат незаконски дроги кои биле запленети во текот на полициски операции (Филипинска новинска агенција, 2019).

# 3. Важноста на тестирањето на интегритет

Севкупно, постојат неколку причини зошто тестирањето на интегритетот е важно и тие се објаснети подолу.

## I. Тестирање на интегритет за откривање, истражување и прогон на прекршоци на интегритет:

Основната функција на тестирањето на интегритет е откривањето, истражувањето и прогонот на прекршоците на интегритет. Долу наведените докази покажуваат дека тестирањето на интегритет, како дел од ефективен систем за внатрешна контрола, може да открие и спречи корупција и други неетички/незаконски однесувања меѓу полициските службеници.

По спроведувањето на тестови за интегритет во Молдавија бројот на внатрешни пријави за корупција порастнал за 58%. Ова зголемување се припишува на кршењето на „кодексот на молчење" и поголемата волност на полициските службеници да пријават сомнежи за злоупотреби (Думбраван и други, 2013).[1]

Понатаму, спроведувањето на тестирањето на интегритет во Полицијата на Њујорк довела до значително зголемување во пријавите за обиди за поткупување на полициските службеници. Иако претходно понудите за поткуп не биле сериозно сфаќани од полициските службеници, делува дека биле пријавувани во поголеми бројки по спроведувањето на тестови за интегритет (Поуп, 2000).

Во 1999 година, Полицијата на Нов Јужен Велс во Австралија спровела 90 тестови за интегритет на кои паднале 37% од испитаниците и биле поднесени 51 кривична пријава (Пренцлер и Ронкен, 2001). Следствено, 3 службеници биле отпуштени, а 10 поднеле оставки (Пренцлер и Ронкен, 2001).

Во 2002 година биле спроведени 486 теста за интегритет од страна на Одделот за внатрешна контрола на Полицијата на Њујорк. 54 испитаници паднале на тестот и значаен дел од овие лица биле отпуштени од работа (Полиција на Њујорк, 2002).

## II. Тестирање на интегритет за изградба на предмет против службеник кој е веќе под истрага:

Како што беше наведено, тестирањето на интегритет може да се користи за собирање на докази против службено лице кое е веќе под истрага поради сомневање за злоупотреби и/или неетичко однесување (Парк и други, 2011).

Забелешка: доказите собрани во текот на тестирањето на интегритет не се прифатливи на суд во некои држави. Поради тоа, тестирањето на интегритет мора да биде поддржано со соодветна правна рамка за да биде ефективно.

> *„[Основната цел на тестирањето на интегритет] е проактивно да се „фати" или „ослободи" метата од сомневање. Целното тестирање на интегритет може да се врши како дел од формална кривична истрага поврзана со корупција" (Парк и други, 2011: Поглавје 2, стр. 5).*

## III. Тестирање на интегритет за одвраќање:

Истражувањата постојано покажуваат дека извесноста на казната има поголем ефект на одвраќање од тежината на казната (Хомел, 2002). Тестирањето на интегритет создава чувство на сеприсутност со цел полициските службеници да работат на секоја задача како да е тест на интегритет (Ротлајн и Рајтер, 2014). Тоа исто така помага во градење на организациска култура која не толерира злоупотреби и/или неетичко однесување.

Кога ќе биде уапсен полициски службеник како резултат на прикриена истрага, тоа може да има ефект на одвраќање за другите службеници кои можеби размислуваат за криминално однесување, но се плашат самите да не станат цел на прикриена истрага (Ротлајн и Рајтер, 2014).

[1] Затворените организации како што се полициските служби имаат тенденција да развиваат култура за самозаштита. Оваа култура може да се опише како таканаречен син кодекс или кодекс на молчење, што е непишаното правило меѓу полициските службеници да не ги пријавуваат грешките, злоупотребите или кривичните дела на своите колеги.

### IV. Тестирање на интегритет за идентификација на ризици и потреби:

Резултатите на тестовите за интегритет можат да се употребат за утврдување на следното:

- Областите, единиците или функциите кои се најподложни на злоупотреби и/или неетички однесувања: можеби е поверојатно дека некои единици во полициската организација ќе бидат вклучени во коруптивно однесување од другите. На пример, резултатите од тестирањето на интегритет во Република Чешка покажале дека сообраќајната полиција врши непропорционално високо ниво на прекршувања на интегритетот, што довело до антикорупциска кампања на државно ниво насочена исклучиво на сообраќајната полиција (Мандиќ и Ѓорѓевиќ, 2016).

- Потребата за дополнителни антикорупциски законодавства, процедури и ревизија на постојните: инсталирањето на камери на полициските возила во Молдавија се сметало како превентивна мерка за прекршоци на интегритет. Меѓутоа, кога биле подложени на тестови за интегритет, според учесниците на работилница на ПИБП во Молдавија во 2016 година, службениците едноставно ја покривале камерата или ја вртеле на друга страна кога примале поткуп од прикриените иследници.

- Потреби за обука за полициските службеници: наодите од тестовите за интегритет исто така можат да се употребат за изготвување на планови за обуки за намалување на слабите точки за корупција. На пример, резултатите од тестирањата за интегритет во Нов Јужен Велс, Австралија, биле искористени за идентификација на 96 проблеми во раководството што довело до спроведување на регионален план за обука за раководители (Пренцлер и Ронкен, 2001).

- Потреби за обука за единиците за тестирање на интегритет: наодите можат понатаму да бидат искористени за идентификација на дополнителните барања за обука за единицата за тестирање на интегритет. На пример, иследникот и надредениот во Полицијата во Њујорк мораат да пополнат „Образец за резултати од тестирањето на интегритет“ по секој тест (Полиција на Њујорк, 2002). На овој образец е опишан тестот и истиот дава простор за надредениот да даде критика за работењето и на предметниот службеник и на тимот за тестирање (Полиција на Њујорк, 2002).

  *„Опасно е да се претпостави дека само со жалби можат да се идентификуваат сите примери на корупција. Истрагата на корупција мора примарно да биде проактивна и поддржана од стратешка анализа на оперативни сознанија. Тестирањето на интегритет станува важна опција во сите истраги на коруптивно однесување. Тоа го тестира и корумпираното и етичкото однесување, соодветноста на организациските системи и процедури и служи како одвраќање за службениците кои можат да бидат изложени на можност за корупција” (Пренцлер и Ронкен, 2001: стр. 329).*

### V. Тестирање на интегритет како поддршка за системи за проценка на перформанси и унапредување:

На крајот, резултатите од тестовите за интегритет често се користат во проценката на унапредувањето на еден службеник: во многу полиции успешното положување на тестот за интегритет се смета како услов лицето да биде разгледано за унапредување (Поуп, 2000).

Во Молдавија, лицето мора успешно да го положи тестот за интегритет ако треба да биде разгледувано за функцијата Директор на полицијата (Транспаренси интернешенел, 2014).

## 4. Видови на тестови на интегритет

Тестовите на интегритет спаѓаат во две приближни категории на „целни“ и „по случаен избор“.

Иако тестовите на интегритет можат да се искористат за проверка пред вработување и на работа, тие вообичаено не се користат за второто во полицијата.

Целните тестови на интегритет се насочени кон одредени лица или групи. Тие се дел од истражните контролни механизми во полициската организација.

Целното тестирање е проактивно и реактивно. Реактивно е кога се спроведува како одговор на наводи или сомнежи за постоечки злоупотреби, а проактивно е дека оди надвор од традиционалните методи за истраги и како такво има ефект на одвраќање. Тоа најчесто се прави како „одговор на оперативни сознанија или пријави кои наведуваат на проблем со корупција, но без соодветни докази за успешно кривично или интерно гонење“ (Пренцлер и Ронкен, 2001: стр. 321).

## Пример на целен тест на интегритет

Внатрешна пријава создава сомнеж во одреден полициски службеник, наведувајќи дека службеникот краде вредни предмети од места на злосторот. За утврдување на вината на службеникот, треба се исценира лажна провална кражба и се праќа службеникот на местото на инцидентот. Некои вредни предмети се оставени на местото на злосторот за да се создаде можност службеникот да ги украде.

Тестовите на интегритет по случаен избор се симулации кои системски се вршат по случаен избор наместо да бидат насочени кон едно конкретно лице или група.

## Пример за тест на интегритет по случаен избор

Актер му нуди поткуп на полициски службеник кој го запира поради брзо возење. Единицата за внатрешна контрола следи дали службеникот ќе го прими или одбие митото и дали ќе го пријави обидот.

Се смета дека тестовите за интегритет по случаен избор имаат повисок фактор на одвраќање. Многу полициски службеници вклучени во корупција веруваат дека никогаш нема да бидат мета бидејќи се сметаат за премногу паметни за да бидат фатени (Хомел, 2002). Меѓутоа, соодветно структурирани тестови по случаен избор подеднакво ги изложуваат сите службеници во една полиција на шансата да бидат тестирани и таков тест не може да се избегне со итрина (Хомел, 2002).

Сепак, постојат и тврдења дека тестовите по случаен избор се трошење на ресурси кои можат да бидат употребени на друго место (Фаул, 2009). На пример, чесните службеници кои се под тест по случаен избор се привремено спречени од тоа да одговорат на „вистински“ криминал (Фаул, 2009). Тестовите по случаен избор се исто така поскапи од целните тестови поради нивниот опсег. Според тоа, се поставува прашањето дали тестирањето по случаен избор може да биде прескапо и претешко за да претставува значително одвраќање (Хомел, 2002). Покрај тоа, доказите покажуваат дека целните тестови за интегритет се поефективни во откривањето на корупција (Хенри, 1990). Долу се дадени некои од причините за тоа:

- Прилагодување на тестирањето: за разлика од тестовите по случаен избор, целните тестови вообичаено се спроведуваат во контекстот на истрага на наводни злоупотреби од страна на конкретен службеник (Портер и Пренцлер, 2012). Според тоа, целните тестови се тесно поврзани со основниот навод, што значи дека е поверојатно службеникот, ако е вистински корумпиран, да ја повтори злоупотребата во текот на тестот. На пример, ако основниот навод вклучува употреба на дрога, целното тестирање би вклучувало интеракција меѓу предметниот службеник и (симулирана) дрога.

- Софистицираност на тестирањето: поради тоа што целните тестирања се прилагодени, тестовите можат да бидат пософистицирани (Хомел, 2002). На пример, во текот на тестовите за интегритет во Полицијата на Њујорк во 1996 година, 3% од тестовите по случаен избор биле класификувани како гама, т.е. најсложената форма на тестирање (Гиргенти и други, 1996). Во споредба со тоа, 36% од целните тестови биле класификувани како гама (Гиргенти и други, 1996). Генерално, сценаријата за тестови по случаен избор се поедноставни и не толку софистицирани, поради што им е полесно на субјектите да сфатат дека се тестирани и соодветно да го сменат своето однесување.

- Интеракција со стимулациите на тестот: се тврди дека тестираните службеници почесто ги препознаваат стимулациите на тестот како пари, симулирана дрога или имот во целните

тестови отколку во тестовите по случаен избор. На пример, делувало дека тестираните службеници не ги забележуваат стимулациите за тестот во 15 од 40 разгледани тестови по случаен избор од Полицијата во Њујорк во 1996 година, т.е. тие не излегле од службеното возило ниту поставиле вообичаени прашања пред да го напуштат местото (Гиргенти и други, 1996). Ако субјектите не учествуваат во сценариото или се несвесни за постоењето на стимулации за тестирање, тие не можат да бидат на значаен начин тестирани за коруптивно однесување.

- Изолација: доказите покажуваат дека полициските службеници поретко се тестираат во изолација во текот на тестови по случаен избор (Хомел, 2002). Ова се гледа во програмата за тестирање на интегритет на Полицијата на Њујорк во 1996 година. Во текот на првите шест месеци од 1996 година, службеник бил тестиран сам во 18% од тестовите по случаен избор (Гиргенти и други, 1996). Во текот на истиот период, службеник бил тестиран сам во 67% од целните тестови (Гиргенти и други, 1996). Земајќи предвид дека присуството на други службеници може да ја намали веројатноста службениците да се вклучат во корумпирано/неетичко однесување поради стравот дека ќе бидат пријавени, се тврди дека тестирањето по случаен избор е помалку ефективно. Дополнително, тестовите по случаен избор вообичаено започнуваат со повици на број за итни случаи поради што е и помала веројатноста да се тестираат сомнителните службеници во изолација. Иако е тешко да се избегне користењето на повици за итни случаи за започнување на тест по случаен избор, овие повици често ги информираат и другите службеници и ги привлекуваат на местото на настанот (Гиргенти и други, 1996).

## Заклучоци за целни тестови и тестови по случаен избор

И целните тестови и тестовите по случаен избор можат да бидат корисно средство во борбата со корупцијата и неетичкото однесување во полициската работа. Тестовите по случаен избор можат да бидат ефективни ако се спроведуваат редовно и на многу видлив начин (Хомел, 2002). Меѓутоа, ова може да биде многу скапо што наведува дека целните тестови можеби се посоодветни за полициските организации. Понатаму, бидејќи е тешко да се оправдаат тестовите по случаен избор, особено кога не постои конкретно сомневање, целните тестови делуваат како поефикасни (Епли, 2012).

# 5. Работи кои треба да се земат предвид при воведување на тестови за интегритет

Различни работи треба да се земат предвид пред и во текот на тестовите за интегритет.

## I. Тие можат да креираат атмосфера на недоверба во полицијата:

Постои тврдење дека тестирањето на интегритет може да создаде чувство на недоверба во полициската организација (Хомел, 2002). Ако полициските службеници се чувствуваат дека на нив не им се верува им паѓа моралот (Хомел, 2002). Ова особено се однесува на тестирањето по случаен избор; целните тестови на интегритет генерално се сметаат за поправедни бидејќи постои сомневање дека субјектот е веќе вклучен во неетичко/незаконско однесување (Портер и Пренцлер, 2012). Важно е да се размисли за овој потенцијален негативен ефект пред спроведувањето на тестовите (Ротлајн и Рајтер, 2014).

Меѓутоа, опаѓањето на моралот може да се избегне ако целта на тестовите за интегритет и границите на нивната употреба се јасно пренесени до целиот персонал. Иако тестовите за интегритет можат на почетокот да наидат на отпор од службениците, тие набрзо ќе разберат дека оние кои чесно работат нема од што да се плашат. Како пример, пред тестирањето била спроведена јавна кампања во Австралија со слоганот „чесните полициски службеници не треба да се плашат од тестирањето на интегритет“ за да се добие одобрување на програмата.

Понатаму, некои автори дури и предлагаат дека одредено ниво на недоверба во полициската организација е потребно за да се намалат злоупотребите и/или неетичкото однесување земајќи ја предвид присутноста на кодексот на молчење (Хенри, 1990).

## II. Тие можат да бидат скапи:

Како што беше претходно наведено, постојат тврдења дека финансиските и кадровските трошоци поврзани со спроведувањето на тестови за интегритет се поголеми од нивната корист. Критичарите тврдат дека тестирањето на интегритет, поради своето долго траење и скапа опрема, ги пренасочува ресурсите од примарните функции на полицијата за спроведување на законите и спречување на криминалот (Голдсмит, 2001).

Иако почетните трошоци за воспоставување можат да бидат значителни, тие најверојатно ќе бидат исплатени на долг рок со значително намалување на корупцијата и другите форми на полициски злоупотреби. Генерално, тестирањето на интегритет подобро работи во поглед на трошоците и корисита отколку користење на информатори или прикриени иследници кои само посматраат (Милер, 2017). Дополнително, тестирањето на интегритет е најсоодветната метода за борба против корупцијата. Реактивните методи, како што е истражувањето на пријави, често не функционираат бидејќи конкретните кривични дела не вклучуваат пријави (Милер, 2017). Меѓутоа, треба да се постави соодветна програма за тестирање на интегритет за да се осигури рентабилноста; ако тестовите се вршат ретко или лажно, тогаш тие не се ефикасни (Хомел, 2002).

## III. Тие можат да се искористат за дискредитирање на ривали во организацијата:

Различни научници тврдат дека прикриените тактики, особено тестовите за интегритет, можат да се злоупотребат за дискредитирање на ривали во полициските организации (Пренцлер и Ронкен, 2001).

Меѓутоа, можат да се воведат неколку мерки за да се намали веројатноста од таквото однесување и да се подобри севкупната ефикасност на тестирањето. Единиците за тестирање на интегритет треба да добијат специјална обука како да вршат прикриени операции. Понатаму, мора да се врши преглед и ревизија на правниот и раководен надзор врз единицата за тестирање на интегритет. Пример на ова е присуството на комисија за надзор која врши редовна ревизија на работењето.

### IV. Тие бараат соодветна правна рамка:

На крајот, тестирањето на интегритет поставува сериозни проблеми врзани со приватноста, измамата, наведувањето на кривично дело, провоцирањето и законските правна на индивидуалните полициски службеници. Според тоа, мора да постои законодавство кое се применува на тестирањето на интегритет и содржи ограничувања на злоупотребите како што се неоправдани кршења на приватноста или наведувањето на службеник да изврши кривично дело кое инаку не би го извршил.

Забелешка: во некои држави, тестирањето на интегритет може да биде забрането со закон.

## 6. Заклучок

Како што беше наведено на почетокот на овој Тематски документ, тестовите за интегритет се корисен механизам за решавање на проблеми поврзани со постојана корупција. Тие можат да помогнат во откривањето, истражувањето и прогонот на прекршоците на полицискиот интегритет и докажано одвраќаат од понатамошни прекршоци. Дополнително, овие тестови можат да се искористат за утврдување на ризиците и потребите во полициските организации и како поддршка за системите за проценка на перформансите во работењето или за унапредување.

Генерално, органите за спроведување на законите треба да размислат за следните четири точки пред спроведување на тестови за интегритет:

- Тие се скапи.
- Тие можат да создадат чувство на недоверба ако јасно не се пренесе нивната цел и граници.
- Ако не се соодветно регулирани, тие можат да се искористат за дискредитирање на ривали во организацијата.
- Тие бараат соодветна правна рамка за осигурување на нивната ефикасност и приватност.

Во сите случаи, треба да се спроведат пилот програми пред инвестирање во скапи тестови за да се идентификуваат можните предизвици. Сепак, успешноста на програмите за тестирање на интегритет во идентификацијата на злоупотреби покажува дека севкупните придобивки се поголеми од трошоците; воведувањето на режими за тестирање на полицискиот интегритет е пожелно за да се подобри однесувањето на полицијата.

# 7. Литература


Dumbravan, Christina. ed., *Annual Activity Report* (Chisinau: National Integrity Commission of Moldova, 2013).

Faull, Andreë, 'Taking the Test: Police Integrity and Professionalism in the MPDs', *South African Crime Quarterly* Vol. 27 (2009): pp. 3-6.

Girgenti, Richard et al., *Report to The New York City Commission to Combat Police Corruption* (New York: KPMG, 1996).

Goldsmith, Andrew, 'The Pursuit of Police Integrity: Leadership and Governance Dimensions', *Paper presented at the Griffth University Police Integrity Symposium Brisbane* (2011).

Henry, Vincent, 'Lifting the Blue Curtain: Some Controversial Strategies to Control Police Corruption', *National Police Research Unit Review* Vol. 6 (1990): pp. 48-55.

Homel, Ross, 'Integrity Testing' in *Police Reform: Building Integrity* (Sydney: Hawkins Press, 2002), pp. 159-171.

Hope, Kempe Ronald Sr., *Police Corruption and Police Reforms in Developing Societies* (Taylor & Francis Ltd,. 2015).

Knapp, Whitman et al., *The Knapp Commission Report on Police Corruption* (New York: George Braziller, 1972).

Mandic, Sofija, and Sasa Djordjecvic, *Testing the Integrity of Police Officers*, (Belgrade: Belgrade Centre for Security Policy, 2016).

Miller, Seumas, 'An Anti-Corruption System for Police Organisations' in *Designing in Ethics* (Cambridge: Cambridge University Press, 2012), pp. 173-191.

Neë York Police Department (NYPD), *Internal Affairs Bureau Annual Report* (New York: NYPD, 2002).

Transparency International, *National Integrity System Assessment Moldova* (Chisinau: Transparency International, 2014).

Parke, Melissa et al*., Inquiry into Integrity Testing* (Canberra: Parliamentary Joint Committee on the Australian Commission for Law Enforcement Integrity, 2011).

Philippine News Agency, 'PNP Welcomes Lifestyle Check on Cops' (8 October 2019).

Pope, Jeremy, *Public Service Ethics, Monitoring Assets and Integrity Testing* (Berlin and London: Transparency International, 2000).

Porter, Louise and Tim Prenzler, 'Corruption Prevention and Complaint Management' in *Policing and Security in Practice: Challenges and Achievements* (Basingstoke and New York: Palgrave Macmillan, 2012), pp. 130-148.

Prenzler, Tim and Carol Ronken, 'Police Integrity Testing in Australia', *Criminology and Criminal Justice* Vol. 1: No. 3 (2001), pp. 319-342.

Rothlein, Steve and Lou Reiter, *Conducting Covert Investigations, Integrity Tests and Financial Investigations on Law Enforcement Employees* (Indianapolis: PATC Legal & Liability Risk Management Institute, 2014).

**Преглед на достапните ресурси на ДЦАФ за тестирање на интегритет**

**Прирачникот за полициски интегритет на ДЦАФ** има за цел да им помогне на полициските служби во подготовката на ефективни мерки за намалување на корупцијата во полицијата што го зголемува нејзиниот капацитет за борба против криминал, ја подобрува јавната безбедност и го јакне владеењето на правото и јавната довербата во полицијата. Во поглавјата 5 и 7 се разгледува внатрешната контрола и истражните техники, вклучувајќи го и тестирањето на интегритет. Тој е достапен тука: http://www.dcaf.ch/Publications/Toolkit-on-Police-Integrity.

**Прирачникот за спроведување обука за полициски интегритет на ДЦАФ** има за цел да им помогне на министерствата за внатрешни работи, полициските служби и институциите за обука во развивањето на нивните капацитети за спроведување на обуки за интегритет за својот персонал. Модул 7 се однесува на полициската одговорност, вклучувајќи го и тестирањето на интегритет. Можете да му пристапите преку следниот линк: http://www.dcaf.ch/Publications/Training-Manual-on-Police-Integrity.

**Контакт**

**Пауло Коста, Шеф на полициската програма во ДЦАФ**
ДЦАФ – Женевски центар за управување со безбедносниот сектор
Chemin Eugène-Rigot 2E
CH-1202 Geneva
Switzerland
+41 22 730 9455
p.costa@dcaf.ch

DCAF Женевски центар за управување со безбедносниот сектор

P.O.Box 1360
CH-1211 Geneva 1 Switzerland

info@dcaf.ch

+41 (0) 22 730 9400

**www.dcaf.ch**

@DCAF_Geneva